ГРАНД-ЕКСПОРТ
Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД - ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
жиро с-ка: 210 043383590156 НЛБ Банка АД Скопје
270 000000105035 Халкбанк АД Скопје
е- пошта: office@grand-eksport.com.mk
office@gfc.mk
веб страница: www.grand-eksport.com.mk
www.grandfoodscorp.com

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
ул. Борис Трајковски бр.194А, Кисела Вода,
1000 Скопје, Република Македонија
Тел./факс: +389 2 2774 231; +389 2 2774 233

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница ГРАНД- ЕКСПОРТ бр.2 Битола
ул. Партизанска ББ, Градски стадион,
7000 Битола, Република Македонија
Тел./факс: +389 47 226 472

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница бр.3 ГРАНД ФООДС ЦОРПОРАТИОН,
Марино, Илинден, ул. 532, бр. 150 Марино, Илинден
Република Македонија
Тел./факс: +389 2 6151 000

... трговија, производство и услуги
...-ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0204-15/2
13.01.2022 год.
СКОПЈЕ

ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

Согласно Член 126 од Законот за игрите на среќа и забавните игри, Трговското друштво за трговија, производство и услуги Гранд-Експорт ДООЕЛ Скопје ги донесе следните:

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

„ФИЛМОВИТЕ ИМААТ ПОДОБАР ВКУС СО ЧИПСИ (CHIPSY)"

**Член 1**

ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Официјално име на наградната игра е „ФИЛМОВИТЕ ИМААТ ПОДОБАР ВКУС СО ЧИПСИ (CHIPSY)" (во понатамошниот текст: Наградна игра)

**Член 2**

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра почнува на 15 февруари 2022 година со почеток во 00:00 часот и завршува на 31 март 2022 година во 23:55 часот. Вкупното траење на наградната игра е 45 дена (во понатамошниот текст: Времетраење на Наградната игра) .

**Член 3**

ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА/ОРГАНИЗАТОР

3.1 Целта на оваа наградна игра е рекламирање на производите на Марбо Продукт Србија и промоција на Чипси (CHIPSY) производите кои се обележани со промотивна трака на која се наоѓаат информации за Наградната игра, а кои ги дистрибуира Гранд – Експорт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул. Борис Трајковски бр. 194А и истите се продаваат на територијата на Република Северна Македонија.

3.2 Организатор на наградната игра „ФИЛМОВИТЕ ИМААТ ПОДОБАР ВКУС СО ЧИПСИ (CHIPSY)" е Гранд – Експорт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул. Борис Трајковски бр. 194А (во понатамошниот текст Организатор).

**Член 4**

ТЕРИТОРИЈА НА КОЈА СЕ ПРИРЕДУВА НАГРАДНАТА ИГРА

4.1 Наградната игра ќе се организира и спроведува на целата територија на Република Северна Македонија во објектите за трговија на мало.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

**Член 5**

ПРОИЗВОДИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО НАГРАДНАТА ИГРА

5.1 Во наградната игра ќе учествуваат следните производи кои ќе бидат обележани со промотивна трака (во понатамошниот текст Промотивни Чипси пакувања):

- Чипси солен 90гр.
- Чипси солен 150гр.
- Чипси солен 230гр
- Чипси солен ребраст 90гр.
- Чипси солен ребраст 150гр.
- Чипси солен ребраст 230гр
- Чипси ребраст чили 90гр.
- Чипси ребраст чили 150гр.
- Чипси ребраст чили 230гр.
- Чипси стапчиња кечап 90гр.
- Чипси скара вкус на говедски ребра 150гр.

**Член 6**

ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА, ОПИС И СОДРЖИНА НА ПОТВРДАТА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА СЕ СТЕКНУВА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА, УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО
НАЧИН НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

6.1. За учество во Наградната игра неопходно е да се има фискална сметка која е издадена исклучиво во периодот од 15.02.2022 година до завршување на траење на наградната игра и на кој се наоѓа барем еден производ од листата на сите производи наведени во член 5.1, купен исклучиво во малопродажните објекти на територија на Република Северна Македонија. Пријавата се врши на еден од наведените два начина:

(1) Со праќање на СМС порака на телефонскиот број 149491 со следнава содржина: БРОЈ НА ФИСКАЛНАТА СМЕТКА (растојание) време на купување запишано на фискалната сметка во следниов формат ЧЧ:ММ

(2) По пат на интернет образец (во продолжение: преку WEB страната) на страната WWW.CHIPSYPODARUVA.COM каде е потребно да се запишат следниве податоци: број на мобилниот телефон, број на фискалната сметка (која е издадена исклучиво во периодот од 15.02.2022 година до завршување на траење на наградната игра и на кој се наоѓа Chipsy производ), време на купување запишано на фискалната сметка во следниов формат ЧЧ:ММ

ОГРАНИЧУВАЊЕ ВО ПОГЛЕД НА УЧЕСТВУВАЊЕТО И ВО ПОГЛЕД НА ДОБИВАЊЕ НА НАГРАДА

6.2. Секој учесник може да се пријави за учество во Наградната игра (преку СМС или преку WEB страната) на иста основа со една иста фискална сметка, само еднаш. Во

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë / Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup IV

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
ул. Борис Трајковски бр.194А, Кисела Вода,
1000 Скопје, Република Македонија
Тел./факс: +389 2 2774 231; +389 2 2774 233

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница ГРАНД- ЕКСПОРТ бр.2 Битола
ул. Партизанска ББ, Градски стадион,
7000 Битола, Република Македонија
Тел./факс: +389 47 226 472

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница бр.3 ГРАНД ФООДС ЦОРПОРАТИОН,
Марино, Илинден, ул. 532, бр. 150 Марино, Илинден
Република Македонија
Тел./факс: +389 2 6151 000

пријавата преку СМС порака и во пријавата преку WEB странaта, телефонскиот број на учесникот служи за негова идентификација и единствено го одредува во базата на сите примени пријави. Бројот на пријави на еден ист учесник со различни фискални сметки не е ограничен. Доколку на една иста фискална сметка која ги исполнува условите на овој правилник, се наоѓаат два или повеќе Chipsy производи наведени во член 5.1., таа фискална сметка може да се пријави само еднаш, преку WEB страната или преку СМС порака.

6.3. Ист учесник може да освои најмногу еден iPhone 13 за време на траење на Наградната игра.

ПРАЌАЊЕ НА ПРИЈАВИ ПРЕКУ СМС ПОРАКА И ПРЕКУ WEB СТРАНАТА

6.4. Учесникот кој исправно пратил СМС порака од став 1 на овој член ќе добие повратна СМС порака со известување дека примената СМС порака е исправна и дека учествува во извлекувањето. Учесникот кој прјавата ја пратил преку WEB страната од став 2 на овој член ќе добие повратна порака на страната со известување дека пријавата е успешно извршена и дека учествува во извлекувањето. Учесникот кој пријавата ја извршил преку СМС или преку WEB страната воедно ќе биде информиран дека е должен да ја сочува фискалната сметка која ја пријавил.

6.5. Ако примената СМС порака не одговара по облик одреден во став 1 од овој член **учесникот ќе добие** повратна СМС порака на претплатничкиот број од кој е пратена СМС пораката, со известување дека примената СМС порака не е исправна и поради тоа не е соодветна и не може да учествува во Наградната игра. Ако податоците на пријавата преку WEB страната по својот облик не одговараат на обликот утврден во став 1 од овој член, учесникот ќе добие повратна порака на страната со објаснување дека податоците не се исправно внесени и да се обиде да ги внесе повторно.

6.6. Ако примената СМС порака по својот облик одговара на обликот одреден во став 1 од овој член, но содржи податоци кои веќе се пријавени во Наградната игра, **учесникот ќе добие** повратна СМС порака на претплатничкиот телефонски број од кој е пратена пораката со известување дека наведените податоци се веќе пријавени во Наградната игра и со тоа испратената и примена порака не е соодветна за да учествува во Наградната игра. Ако податоците од пријавата преку WEB страната по својот облик одговараат на обликот одреден во став 1 од овој член, но содржат податоци кои веќе се пријавени во Наградната игра, учесникот ќе добие повратна порака на страната со известување дека наведените податоци се веќе пријавени во Наградната игра, така што пријавата не е исправна за да учествува во Наградната игра.

6.7. Учесникот самиот е одговорен за уредно праќање на СМС порака и пријава преку WEB страната кон Организаторот со што Организаторот не одговара за грешките за време на испраќањето на СМС пораката и за време на испраќање на пријавите преку WEB страната.

6.8. Со праќање на СМС порака или со пријава преку WEB страната, учесниците се согласуваат на сите услови на оваа Наградна игра. Организаторот гарантира дека Претплатничките броеви ќе му бидат достапни само на Организаторот односно на трети лица кој ги има ангажирано за потребите на организирањето на Наградната игра, односно надвор од овие лица, броевите нема да бидат достапни за трети лица. Во рамките на листата на Добитници која ќе биде објавена на сајтот во согласност со членот 8.1 на овие Правила, ќе бидат прикажани добитните Претплатнички броеви без последните три цифри.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

ЦЕНА НА SMS ПОРАКАТА

6.9. СМС порака на бројот 149491 можат да пратат корисниците на услугите од сите оператори на мобилна телефонија во Република Северна Македонија. СМС пораката се наплатува на учесникот на Наградната игра по цена од 5,9 денари.

**Член 7**

МЕСТО, ВРЕМЕ, НАЧИН И ПОСТАПКА ПРИ ПОДИГАЊЕТО НА НАГРАДАТА
НАЧИНИ НА ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

7.1. Без разлика на начинот кој учесникот ќе го избере за пријава (пријава преку СМС порака или пријава преку WEB страната) сите пријави во реално време се запишуваат во единствена база. За време запишувањето се врши подредување на клучните параметри на пријавата како би се оневозможило дуплирање на единствените пријави. Приредувачот ќе изврши извлекување на добитникот по случаен избор преку софтвер од базата на валидни примени пријави така што се покажуваат сите податоци од добитната пријава.
Учесник во Наградната игра може да биде извлечен како добитник на Дневната награда само еднаш во текот на траењето на Наградната игра. Доколку извлечениот Добитник не ги исполнува условите за учество во Наградната игра (на пр. не е државјанин на Република Северна Македонија или нема претстој на територијата на Република Северна Македонија) или е веќе извлечен како Добитник во текот на траењето на Наградната игра, наградата ќе остане недоделена.

7.2. Организаторот за време на одржување на Наградната игра секој ден ќе извлекува добитник и ќе доделува по еден iPhone 13 за секое извлекување. Прв термин за извлекување награда е 16 февруари 2022 година во 10:00 часот, а последен термин на извлекување е 31 март 2022 година во 23:55 часот. Извлекување на добитник на награда ќе се врши секој следен ден во 10:00 часот за пријави кои пристигнале во претходниот ден, освен на 31 март 2022 година кога ќе бидат извлечени две награди (на 31 март во 10:00 часот ќе биде извлечена дневна награда за пријава во текот на 30 март 2022 година, а во 23:55 часот дневна награда за пријави во текот на 31 март 2022 година). Во дневното извлекување на наградите учествуваат сите исправни пријави кои се примени во текот на претходниот ден во временски период од 00:00 па до 23:59 часот, освен на 31 март кога ќе учествуваат сите исправни пријави примени тој ден до 23:50 часот, а за кои извлекувањето ќе биде во 23:55 часот.
Изведувачот има право на обезбеди лични податоци на Добитникот за да утврди дали учесникот веќе бил извлечен како добитник на награда (член 18).

НАГРАДИ

7.3. Во текот на траењето на Наградната игра ќе бидат извлечени вкупно 45 добитници на мобилен телефон iPhone 13 (во понатамошниот текст „Дневна награда“). Секој ден во текот на Наградната игра, ќе биде извлечен по еден добитник на Дневна награда. Доколку Добитникот ги исполнува условите пропишани со овие Правила, наградата ќе му биде доделена.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИКОТ И ДОСТАВУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

7.4. Добитниците за добиената награда ќе бидат известени по пат на СМС порака на претплатничкиот број од добитната пријава кој е запишан преку WEB страната или на бројот од кој е пратена добитната пријава преку СМС порака. Добитниците на наградите не мораат задолжително да бидат и регистрирани сопственици на Претплатничкиот број од кој е пратена SMS пораката со пријавата, туку за Добитник на наградата се смета личноста која ќе ги остави личните податоци за време на контактирањето на добитниот Претплатнички број на телефон.

7.5. Организаторот ќе ги контактира Добитниците на телефон најдоцна во рок од два работни дена од извлекувањето на Добитникот, поради обезбедување на личните податоци и адресата (во понатамошниот текст: Адреса) на којашто треба да се прати Дневната награда.

7.6. Дневната награда е должен да ја превземе Добитникот лично или личноста која добитникот ќе ја овласти со специјално полномошно на кое потписот на добитникот е заверен од страна на нотар (во понатамошниот текс: Полномошник). Дневните Награди ќе се сметаат за врачени во оној момент кога ќе бидат превземени на Адресата.

7.7. Ако добитникот на Дневната награда или Полномошникот не се затекне на Адресата за време на врачувањето на наградата или ако наградата не биде врачена од друга причина за која не е одговорен Организаторот, Организаторот ќе се обиде за дополнително врачување на Дневната награда во рок од осум дена, сметајќи го рокот од денот кога Организаторот за првпат се обидел да ја врачи Дневната награда на Добитникот. Доколку ниту дополнителното врачување на Дневната награда не биде успешно спроведено од причина за која не е одговорен Организаторот, добитникот може во наредниот рок од 30 дена од денот кога е направен обид за повторна достава, да ја превземе Дневната награда, на свој трошок, кај Организаторот на улица Борис Трајковски бр.194 А, Кисела Вода, 1000 Скопје, по претходен договор со Организаторот.

7.8. За време на превземањето на Дневната награда, Добитниот е должен да даде на увид документ за идентификација, (лична карта или пасош), да ја даден на увид добитната фискална сметка, како и да пополни и да потпише формулар кој е приложен со Правилата, како Прилог 1, во спротивно го губи правото на Дневната награда.

7.9. Во моментот на превземањето на Дневната награда од страна на добитникот ќе се смета дека Организаторот во потполност ги исполнил обврските спрема Добитникот според Законот за игри на среќа и Правилата на оваа Наградна игра.

7.10. Во случај на непревземање на Дневната награда во наведените рокови ќе се смета дека Организаторот ги исполнил своите обврски спрема Добитникот.

7.11. Списокот на сите добитни Претплатнички броеви, без последните три цифри, ќе биде објавен на сајтот www.grand-eksport.com.mk во рок од 3 дена од денот на секое од извлекувањата и ќе биде достапен за време на траењето на Наградната игра.

7.12.

**Член 8**

НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ

8.1. Добитните Претплатнички броеви, без последните три цифри, ќе бидат објавени во рок од 3 дена од денот на секое од извлекувањата на сајтот www.grand-eksport.com.mk, почнувајќи од 16 февруари 2022 година до 11 часот во текот на денот,. Последниот ден од траењето на Наградната игра, т.е. на 31 март 2022 година до 11 часот на сајтот www.grand-eksport.com.mk, ќе биде објавен список со сите добитни Претплатнички броеви без последните три цифри.

**Член 9**

ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

9.1 Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни граѓани на Република Северна Македонија, освен лицата вработени кај Организаторот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства.

**Член 10**

ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРАВИЛА

10.1 Официјалните правила на наградната игра по добивањето на согласност од Министерство за финансии, пред започнувањето на наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата www.grand-eksport.com.mk.

10.2. Потрошувачите за наградната игра ќе бидат информирани и преку ТВ реклами кои ќе бидат емитувани на националните телевизии во Република Северна Македонија, како и преку постери и воблери на местата каде ќе се врши продажба на промотивните пакувања.

10.3. За подетални информации и прашања во врска со наградната игра, учесниците ќе можат да го контактираат Организаторот со повик на телефонскиот број +3892 2774 231 (секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот), или на меил адресата office@grand-eksport.com.mk .

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

**Член 11**

НАГРАДЕН ФОНД

| **Вид на награда** | **Опис** | **Вкупен број на награди** | **Поединечна вредност на наградата (денари)** | **Вкупна вредност на наградата (денари)** |
|---|---|---|---|---|
| **Мобилен телефон** | iPhone 13 (Дневна награда) | **45** | **57.000,00** | **2.565.000,00** |
| **Вкупен износ на наградниот фонд** | | | | **2.565.000,00** |

11.1. Вкупно ќе бидат извлечени 45 Дневни награди во текот на траењето на Наградната игра по распоредот на извлекувањето од член 7 на овие Правила.

**Член 12**

ДАНОК

12.1. Изведувачот на Наградната игра го плаќа данокот на личен доход остварен од наградата, а во согласност со позитивните прописи.

**Член 13**

РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИГОВОР

13.1 Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор или рекламација во врска со организацијата на оваа наградна игра, има право писмено да поднесе приговор до Организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување во рок од 8 дена од приемот на приговорот.

13.2 Приговорите и рекламациите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се доставаат најдоцна 8 дена од утврдувањето на причината заради која се приговара, но не и подоцна од 8 дена по завршувањето на наградната игра.

13.3 Преземањето на било какви активности кои би можеле да пречат, да ја оневозможат, злоупотребат или да нанесат штета на Промотивните Чипси пакувања или на наградната игра се забранети. Доколку се процени или утврди дека некој од учесниците во наградната игра го злоупотребува Промотивното Чипси пакување или наградната игра Организаторот го задржува правото да го дискфалификува од наградната игра без понатамошни објаснувања како и да преземе соодветни правни постапки против тоа лице.

**Член 14**

РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИТЕ СПОРОВИ

14.1 Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решава спогодбено, а во случај на спор, за истиот ќе решава надлежен суд во Скопје.

Република Северна Македонија Министерство за финансии / Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e financave - Shkup

жиро с-ка: 210 043383590156 НЛБ Банка АД Скопје
270 000000105035 Халкбанк АД Скопје
е- пошта: office@grand-eksport.com.mk
office@gfc.mk
веб страница: www.grand-eksport.com.mk
www.grandfoodscorp.com

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
ул. Борис Трајковски бр.194А, Кисела Вода,
1000 Скопје, Република Македонија
Тел./факс: +389 2 2774 231; +389 2 2774 233

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница ГРАНД- ЕКСПОРТ бр.2 Битола
ул. Партизанска ББ, Градски стадион,
7000 Битола, Република Македонија
Тел./факс: +389 47 226 472

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница бр.3 ГРАНД ФООДС ЦОРПОРАТИОН,
Марино, Илинден, ул. 532, бр. 150 Марино, Илинден
Република Македонија
Тел./факс: +389 2 6151 000

НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА МОЖНИТЕ СПОРОВИ НА ИЗВЕДУВАЧИТЕ И УЧЕСНИЦИТЕ

14.2. Изведувачот не превзема одговорност во случај на спор помеѓу учесниците во Наградната игра во врска со сопствеништвото над Претплатничкиот број.

14.3. Овие спорови нема да влијаат на правилото по кое Организаторот доделува награда на учесникот кој според овие Правила се смета за добитник.

14.4. Добиените награди добитниците не можат да ги заменат за готовина ниту за која било друга награда.

**Член 15**

15.1. За подетални информации и / или кои било други прашања во врска со наградната игра учесниците можат да се јават на инфо-телефонот на Организаторот 02/2774231 или на office@grand-eksport.com.mk.

**Член 16**

КРШЕЊЕ НА ПРАВИЛАТА И ЗЛОУПОТРЕБИ

16.1. Користење на какви било видови на компјутерски код, вирус, или било што што може да го попречи, да го оневозможи, да нанесе штета или да го злоупотреби учеството во Наградната игра е забрането. Таквите постапки можат да доведат до елиминација на Учесникот од понатамошното натпреварување. Доколку се процени или се посомнева дека некој од Учесниците на каков било начин ги злоупотребува или ги крши правилата на Наградната игра, Организаторот го задржува правото да ги исклучи од Наградната игра и да ги занемари нивните пријави.

**Член 17**

ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

17.1 Наградната игра може да се откаже во случај на виша сила во согласност со член 8 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, и да добие негова согласност за откажување на истата. Во случај на откажување на наградната игра, Организаторот ќе ги информира потрошувачите за откажување на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување на интернет страницата www.grand-eksport.com.mk.

**Член 18**

ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Со учество во Наградната игра, секој учесник ги прифаќа правата и обврските од овие Правила, и ја дава својата изричита согласност да (i) прима SMS пораки на

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

жиро с-ка: 210 043383590156 НЛБ Банка АД Скопје
270 000000105035 Халкбанк АД Скопје
е- пошта: office@grand-eksport.com.mk
office@gfc.mk
веб страница: www.grand-eksport.com.mk
www.grandfoodscorp.com

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
ул. Борис Трајковски бр.194А, Кисела Вода,
1000 Скопје, Република Македонија
Тел./факс: +389 2 2774 231; +389 2 2774 233

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница ГРАНД- ЕКСПОРТ бр.2 Битола
ул. Партизанска ББ, Градски стадион,
7000 Битола, Република Македонија
Тел./факс: +389 47 226 472

Друштво за трговија, производство и услуги
ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз - извоз Скопје
Подружница бр.3 ГРАНД ФООДС ЦОРПОРАТИОН,
Марино, Илинден, ул. 532, бр. 150 Марино, Илинден
Република Македонија
Тел./факс: +389 2 6151 000

Претплатничкиот број во врска со учеството во Наградната игра како и (ii) Дека Организаторот може да го објави добитниот Претплатнички број, без последните три цифри, на начинот предвиден во членот 7.11 и со членот 8.1 на овие Правила. Секој учесник може да се откаже од учеството во Наградната игра со праќање на отповикувањето на мејл адресата: office@grand-eksport.com.mk
Со учество во наградната игра, учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци (име и презиме, и адреса на живеење). Организаторот ќе ги преземе сите потребни технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и сигурност при обработката на личните податоци на учесниците во наградната игра. Личните податоци кои се собрани во текот на траењето на наградната игра, се обработуваат правично, врз основа на согласност на учесникот во наградната игра, во обем кој што е потребен за целите на наградната игра. Истите се користат единствено за целите на наградната игра и не може да се користат за ниту една друга цел. По престанокот на целта заради која се собрани личните податоци, односно по престанокот на наградната игра, истите ќе бидат избришани односно уништени.

**Член 19**

19.1 Овие правила стапуваат на сила по нивно објавување на интернет страницата www.grand-eksport.com.mk.

Управител:
Горан Јордановски
Гранд – Експорт ДООЕЛ Скопје

Друштво за трговија, производство и услуги ГРАНД-ЕКСПОРТ ДООЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Прилог 1

Формулар

| Податоци за регистрација на Наградната Игра: „Филмовите имаат подобар вкус со ЧИПСИ (Chipsy)“ | |
|---|---|
| Изведувач: ГРАНД- ЕКСПОРТ ДООЕЛ | |
| Добитнички SIM број: | |
| Име и презиме на добитникот*: | |
| ЕМБГ или број на пасош: | |
| Адреса: | |
| Град и поштенски број: | |
| Датум на остварување на добивка: | |
| Датум на превземање на добивка: | |
| Вид на добивка и вредност: | |

Со својот потпис на овој формулар се согласувам, разбирам и поврдувам дека:

- сум ја превземал наградата;
- добиената награда не можам да ја заменам за готовина ниту за која било друга награда
- престануваат сите понатамошни обврски на Организаторот на Наградната игра спрема мене, а се во согласност со позитивните прописи
- **Организаторот собраните податоци од формуларот ќе ги користи исклучиво во согланост со Правилата на Наградната игра „Филмовите имаат подобар вкус со Чипси (Chipsy)“, Законот за игри на среќа, Законот за заштита на личните податоци и други прописи.**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup